**20161894163**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА („KFW") ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЈУЖНИОТ РЕГИОН НА ВАРДАР

Се прогласува Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кредитната банка за обнова („KFW") по Договорот за кредит за Проектот за наводнување на јужниот регион на Вардар,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 октомври 2016 година.

Бр. 08-4292/1
12 октомври 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КРЕДИТ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА („KFW") ПО ДОГОВОРОТ ЗА КРЕДИТ ЗА ПРОЕКТОТ ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЈУЖНИОТ РЕГИОН НА ВАРДАР

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Кредитната банка за обнова („KFW") по Договорот за кредит за Проектот за наводнување на јужниот регион на Вардар („Службен Весник на Република Македонија“ број 61/2002), членот 6 се менува и гласи:

„Корисник на средствата од кредитот од членот 1 од овој закон е Република Македонија, а крајни корисници на системите за наводнување изградени во рамките на „Проектот за наводнување на јужниот регион на Вардар“ финансиран од овој кредит ќе бидат земјоделските задруги.

Република Македонија, кредитот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.